# Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола

---

**- Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес**

**Ул.АСНОМ бр.10, Велес со**

**- Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес Подружница ТРГОШПЕД за преработка на неметални руди Велес**

**ул. "Раштански пат" бр. 4 Велес**

---

**Дозвола бр. 08-1586/12**

# Содржина

**Содржина** ........ **2**

**Вовед** ........ **3**

**Нацрт Дозвола** ........ **8**

**1 Инсталација за која се издава Дозволата** ........ **9**

2 Работа на инсталацијата ........ **10**3
2.1 Техники на управување и контрола ........ 13
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ........ 134
2.3 Ракување и складирање на отпадот ........ 16
2.4 Преработка и одлагање на отпад ........ 19
2.5 Спречување и контрола на хаварии ........ 19
2.6 Мониторинг ........ 21
2.7 Престанок со работа ........ 21
2.8 Инсталации со повеќе оператори ........ 23

**3 Документација** ........ **24**

**4 Редовни извештаи** ........ **27**

**5 Известувања** ........ **28**

**6 Емисии** ........ **29**
6.1 Емисии во воздух ........ 29
6.2 Емисии во почва ........ 31
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ........ 32
6.4 Емисии во канализација ........ 32
6.5 Емисии на топлина ........ 32
6.6 Емисии на бучава и вибрации ........ 32

**7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води** ........ 34

**8 Услови надвор од локацијата** ........ **34**

**9 Програма за подобрување** ........ **35**

**10 Договор за промени во пишана форма** ........ **36**

**Додаток 1** ........ **37**

**Додаток 2** ........ **38**

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 03/25) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава Интегрирана еколошка дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на РМ" бр. 89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Друштвото за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес со седиште на ул.АСНОМ бр.10, Велес со Друштвото за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес Подружница ТРГОШПЕД за преработка на неметални руди Велес со седиште на ул.Раштански пат бр.4, Велес поднесе барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, заверено со бр.23-1586/1 од 06.03.2025 год. и комплетно и дополнето Барање бр.23-1586/8 од 19.06.2025 год., за инсталација за производство на мелен талк до Надлежен орган на општина Велес.

Претходно, Друштвото за вработување на инвалидни лица за експлоатација и преработка на неметални руди "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" АД Велес беше оператор на истата инсталација која покрај производство на мелен талк, вршеше производство и на калцит и доломит и беше носител на Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 08-1455/1 од 17.03.2008г. со пропишани услови и мерки за усогласување и со важност до 01.04.2014год. По исполнување на пропишаните услови и мерки од дозволата, а согласно Законот за животната средина, Градоначалникот на Општина Велес за инсталацијата издаде Б-интегрираната еколошка дозвола бр. 08-2399/9 од 09.12.2015 год. Следно, врз основа на заедничко барање бр.13-4316/1 од 23.08.2018 год. Градоначалникот на општина Велес донесе решение бр.08-4316/2 од 26.10.20218 год. за пренос на Б-Интегрираната еколошка дозвола од Друштвото за вработување на инвалидни лица за експлоатација и преработка на неметални руди ДИМЧЕ МИРЧЕВ АД Велес, со седиште на ул. Раштански пат бр. 4 во Велес на Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 10 во Велес.

Барањето за добивање на оваа Б-Интегрирана еколошка дозвола се однесува само за производство на мелен талк, заради намалениот интерес на пазарот за калцитот и доломитот.

Производниот процес се врши во објект во сопственост на Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес кој исто така е сопственик и на КП 16956/1 КО Велес, општина Велес.

Инсталацијата е лоцирана во западниот дел на Град Велес на ул. Раштански пат бр. 4 во Велес, во индустриска зона на градот на КП 16956/1 КО Велес. Од јужната страна локацијата граничи со ул. Раштански пат, од запад со паркинг простор на туристичката агенција Мартин Травел и објект на Карго Експрес, а во продолжение индустриските објекти на Друштво за производство, трговија и услуги МИРАНА ДООЕЛ Велес. Од северна страна на инсталацијата се протега ул.Андон Шурков, а од источна страна индустриските објекти на Друштвото за производство, трговија и услуги БРАКО ДОО увоз извоз Велес.

Објектот во кој се одвиваат предметните активности се состои од неколку одделени простории, физички поделени и тоа: магацински простор за готов производ, простор во кој е сместена постројка за производство на мелен талк, простор за складирање на суровиот талк. Објектот е од тврда градба, во одреден дел со метална конструкција на врати и прозорци.

Производниот процес на мелен талк се состои од следните операции: дробење на суровината (суровиот талк), фино мелење и пакување.

Основната суровина која се користи во производниот процес, суровиот талк пристигнува во форма на покрупни камења кои рачно се кршат и воедно се врши и сепарација од други примеси како кварц и железо. Сепарираната суровина-суров талк се складира под настрешница во објектот каде што се врши и самиот производен процес. По потреба и по издаден налог за работа, сепарираниот материјал се товара во приемен бункер кој преку транспортна лента оди до ротациона дробилка со чекани заради дробење на суровината. Издробениот материјал преку елеватор се префрла до еден од двата силоса, а во кој силос однапред се одредува преку контролна табла сместена во истиот објект. Следно, преку дозатор издробениот материјал се дозира во делот за мелење, а микронажата односно големината во која треба да се добие талкот како готов производ се врши со помош на сепаратор. Измелениот талк како готов производ преку вентилатор, од млинот преку оџак се транспортира до силосот за готов производ.

Остатокот кој се задржува во вреќестиот филтер се нуди на пазарот како готов 20 микронски талк, додека поголемите гранулации на талк кои останале во млинот, повторно преку кружни ваљаци се мелат додека не се постигне посакуваната гранулација од 20, 40, 65 или 90 микрони.

Од силосот за готов производ кој е поврзан со станица со пневметски систем, со помош на компресори се полнат вреќите со готов производ, на кој исто така е монтирана вага со чија помош се подесува бараната тежина.

Готовиот производ се пакува во натрон вреќи, а во зависност од гранулацијата се одредува и амбалажата на готовиот производ, 20 микронски талк се пакува во вреќи од 20 кг, 40 микронскиот талк се пакува во вреќи од 30 кг, 65 микронскиот талк и 90 микронскиот талк во вреќи од 35 кг. Спакуваниот производ во натрон вреќи се реди на дрвени палети и се склдира на суво и проветрено место во магацинскиот дел на истиот објект заштитен од надворешни влијанија.

За потребите на производниот процес се користи само суров талк, а за потребата на опремата се користи електрична енергија. Талкот наоѓа широка примена во фармацевтската, текстилната, прехранбената индустрија, козметиката, а се користи и за производството на хартија, бои, премази, керамика, пластика и друго.

Во делот за набавката на суровината, консултации во врска со производниот процес, заштитата на животната средина и безбедност и здравје при работа, барателот има склучено Договор со Друштвото за експлоатација и преработка на неметални руди Димче Мирчев АД Велес со седиште на истата локација, друштво кое има обезбедено и договор за концесија за експлоатација на минерална суровина-талкшист со бр.0308-204 од 23.12.2014 година склучен со Влада на Република Македонија со рок на важност до 08.05.2030 година и со можност за продолжување.

Во производниот процес не се користи вода и не се создава отпадна процесна вода. Водоснабдувањето е преку водоводната мрежа на општина Велес, а отпадна вода која се создава од вработените се испушта во градската канализациона мрежа.

По потреба во текот на производниот процес се користи виљушкар кој како енергенс користи нафта за чија употреба барателот има склучен Договор за деловна соработка со друг правен субјект Трговшпед Транс ДОО Велес, со седиште на истата локација како и на барателот на ул.Раштански пат бр.4 во Велес.

Во непосредна близина на обејктот во кој се врши производниот процес постои ограден и заштитен простор каде е поставен подземен резервоар за нафта, а на бетонирана подлога е поставен и систем за преточување на нафта, во сопственост на Трговшпед Транс ДОО Велес, за што исто така е склучен Договор за деловна соработка со барателот.

Во постројката за производство на мелен талк поточно на млинот е инсталиран систем за собирање на прашината која настанува во постапката на мелење на суровината. Прашината преку вентилационен канал се зафаќа во врeќести филтри кои повремено се празнат, а отпадот од т.н јаловина од талк наоѓа широка примена во различни индустриски гранки и за таа цел се користи и продава како суровина.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Дозвола за усогласување со оперативен план | 08-1455/1 | 17.03.2008 |
| Б – интегрирана еколошка дозвола | 08-2399/9 | 09.12.2015 |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Пренос на Б-Интегрирана еколошка дозвола од Друштвото за вработување на инвалидни лица за експлоатација и преработка на неметални руди ДИМЧЕ МИРЧЕВ АД Велес на Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес | со Решение бр. 08-4316/2 | 26.10.2018 |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55, став 2, точка 4.

Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина и Постапката за измена на Б-Интегрираната еколошка дозвола по барање на носителот на Дозволата или по службена должност, утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола (“Службен весник на РМ” бр.112/14).

Органот надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утвредени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.

Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 од Законот за животна средина и во согласност со член 12 од Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (“Службен весник на РМ” бр.112/14).

## Одземање и престанок на Дозволата

Оваа Дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдни во согласност со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и 16 од Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (“Службен весник на РМ” бр.112/14).

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-1586/1 | 06.03.2025 | Разгледување на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола |
| Записник од извршен увид од Надлежен орган бр. 23-1586/2 | 08.04.2025 | Констатирана е некомплетност на Барањето. |
| Заклучок за измена и дополнување на барањето бр. 08-1586/3 | 10.04.2025 | Даден е рок за измена и дополнување на Барањето. |
| Налог за пресметување и плаќање на надоместок за поднесување на барање бр.08-1586/4 | 17.04.2025 | Уплатен надоместок |
| Известување по заклучок бр.23-1586/5 | 19.05.2025 | Барање за дополнителен рок од една недела од рокот утврден во Заклучокот |
| Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-1586/6 | 28.05.2025 | Разгледување на корегирано и дополнето барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола |
| Известување во врска со дополнетото Барање бр.08-1586/7 | 04.06.2025 | Утврдени недостатоци во документацијата |
| Достава на документација за дополнување и комплетирање на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-1586/8 | 19.06.2025 | Доставено е комплетно барање до Надлежен орган |
| Објава на барањето бр.08-1586/9 | 24.06.2025 | Објавено е барањето на веб страната на Општина Велес и дадена можност за учество на јавноста во постапката. Не се доставени забелешки. |
| Достава на примерок од дневен печат Бр.23-1586/10 | 27.06.2025 | Барањето е објавено во дневен печат |
| Записник од извршен увид од Надлежен орган бр. 23-1586/11 | 31.07.2025 | Констатирано е дека фактичката состојба одговара на содржината во барањето |
| Нацрт-Дозвола бр. 08-1586/12 | 05.08.2025 | Изготвена и се објавува на веб страната на Општина Велес. |

Дозвола

Закон за животна средина

# Нацрт Дозвола

## Бр. 08-1586/

Градоначалникот на Општина Велес во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 03/25), го овластува Операторот на инсталацијата-Управител на

**Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес**

Со регистрирано седиште
**на ул.АСНОМ бр.10, Велес**
**1400 Велес**
**Република Северна Македонија**
**ЕМБС: 4135083**

**со**

**Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес Подружница ТРГОШПЕД за преработка на неметални руди Велес**

Со регистрирано седиште
**на ул. "Раштански пат" бр. 4**
**1400 Велес**
**Република Северна Македонија**
Подброј**: 4135083/3**

Да раководи со инсталацијата

- **За производство на мелен талк на КП 16956/1 КО Велес, општина Велес**

Во рамките на дозволата и условите во неа

**Градоначалник**
**на Општина Велес**
**Марко Колев**

**Датум:**

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

| Табела 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 2<br>3. Индустрија на минерали<br>3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, доколку не се опфатени со Прилог 1 од Уредбата | - Производство на мелен талк, | - 5000 т/год мелен производ (талк) |

1.1.2 Активностите овластени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во Табела 1.1.2. (КП 16956/1, КО Велес).

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Слики од барањето Локација на инсталацијата – мапа на предметната локација со координати | 41°42`56,4``N 21°45`38,8``E |




***Слика 1. Приказ на локацијата на инсталацијат ТРГОШПЕД ДООЕЛ Велес Подружница ТРГОШПЕД за преработка на неметални руди Велес***

1.1.3 Носителот на Б-Интегрираната еколошка дозвола/Оператор на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени во оваа Дозвола.

1.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат така како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.5 Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животната средина и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.6 Операторот на инсталацијата е должен да плати Годишен надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола. Начинот и рокот на плаќање на надоместокот ќе биде утврден во налог. Неплаќањето на надоместокот согласно налогот ќе претставува услов за одземање на Дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.1.7 Оваа Дозвола е со важност од 7 години, сметајќи од денот на издавање на Дозволата.

1.1.8 Операторот на инсталацијата е должен една година пред истекот на рокот на важност на Дозволата да поднесе барање до Надлежниот орган за обнова на Дозволата.

1.1.9 Операторот на инсталацијата е должен и се обврзува да ги извршува сите работни активности почитувајќи ги сите обврски кои произлегуваат од Законот за животна средина и подзаконските акти.

1.1.10 Активностите во инсталацијата кои ќе се извршуваат во кругот на инсталацијата, се претставени на следните шематски прикази:




Слика 2.Шематски приказ на локацијата и инсталацијата




Слика 3.Шематски приказ на производниот процес

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

2.1.2 Барателот ќе назначи одговорното лице за заштита и управување со животната средина, кое во секое време од важноста на Дозволата е целосно запознаено со условите во Дозволата.

| **Табела 2.1.1 Управување и контрола** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примен** |
| Управување и контрола со Организациона шема<br>Прилог III | Барање | 19.06.2025 |
| Политика за животна средина | Барање | 19.06.2025 |
| Одлука за определување одговорно лице за прашања поврзани со Б-Интегрирана дозвола | Барање | 19.06.2025 |

2.1.3 Одговорното лице за заштита и управување со животната средина е задолжено за правилно одржување на системите за намалување на сите видови на емисии наведени во точка 6 од оваа Дозвола.

2.1.4 Операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Годишен извештај за целокупното работење на инсталацијата согласно дозволата на секои 12 месеци. Овие извештаи ќе се чуваат во документацијата на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе бидат достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.5 Операторот е должен за спроведување на условите и мерките од Дозволата, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, одржување на воспоставената процедура за комуникација со Надлежниот орган.

2.1.6 Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина, ако тоа евентуално се случи.

2.1.7 Операторот при управување со инсталацијата во континуитет ќе ги одржува воспоставените стандарди и ќе води грижа за намалување на влијанието врз животната средина-добра производствена пракса, постојано контролирање на емисиите во животната средина

2.1.8 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој извршува работа за која се однесуваат некои од условите и мерките во Дозволата.

2.1.9 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од дозволата, кои се релевантни на нивните должности и кои ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.9 Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа Дозвола на соодветните вработени лица.

2.1.10 Инсталацијата ќе работи во две смени – I смена од 08-00-16.00 часот и III смена – ноќе. Во I смена ќе се врши подготовка за производниот процес и одвивање на производниот процес, а во III смена ќе се одвива производниот процес по потреба. За секоја промена на режимот на работа, најмалку една седмица пред промената ќе биде писмено известен Надлежниот орган.

2.1.11 Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани:

- простор за складирање на отпад,
- начинот на складирање на отпадот,
- видот на складираниот отпад со негови карактеристики.,
- мерки за издвојување на отпадот,
- постапки за итни случаеви,
- план за заштита од пожари,
- предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата,
- знаци за опасност на секое место на локацијата

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Суров талк | Барање | 19.06.2025 |
| Нафта | Барање | 19.06.2025 |
| Хартиена амбалажа (натрон вреќи) | Барање | 19.06.2025 |
| Електрична енергија | Барање | 19.06.2025 |
| Вода од градскиот водоснабдителен систем | Оваа дозвола | / |

2.2.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за таа намена, соодветно заштитени против истурање и истекување. Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат. Помошните материјали јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

2.2.3 Секоја промена на суровината наведена во барањето или табелата која се употребува во активностите на операторот и технолошкиот процес може да се применува со претходна согласност на Надлежниот орган издадена во писмена форма.

2.2.4 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровината/ите и производот/ите и ќе се грижи за интегритетот на просторот за складирање. Талкот ќе се складира под настрешница на бетонирана подлога, додека мелениот талк уредно спакуван во амбалажа, нареден на пелети во магацинот за готов производ, заштитен од надворешни влијанија.

2.2.5 Товарањето и истоварањето на суровината ќе се извршува на место неменето за тоа, на безбедна висина без да се создаваат зголемени и зачестени емисии на прашина.

2.2.6 Транспортот на суровината ќе се врши во обезбедени и покриени возила за таа намена.

2.2.7 Операторот на инсталацијата ќе постапува согласно Договорот за деловна соработка во врска со користењето на резервоарот за нафтени деривати, пумпата за нафта и други услуги опфатени во Договорот со голема одговорност, внимателност, а ќе презвземе итни и неодложни мерки при евентуални негативни влијанија и непредвидени истекувања. За ова неодложно ќе го извести Надлежниот орган како и договорената страна од Договорот.

2.2.8 Ракувањето со суровините, посебно со хемикалиите ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатството за безбедно ракување со материјалите (Material Safety Data Sheet) и за нив ќе се води уредна евиденција.

2.2.9 Вода за потребите на вработените и одржувањето на хигиената како и за сузбивање на евентуално зголемени емисии на прашина надвор од објектот во кој се врши производниот процес ќе се користи од градскиот водоснабдителен систем.

2.2.10 Бунарот во инсталацијата е ставен вон употреба и нема да се користи. Во случај на повторно користење, операторот на инсталацијата е должен претходно да обезбеди Дозвола за користење на подземна вода од сопствен бунар за техничка потреба од Министерството за животна средина и просторно планирање и да го извести Надлежниот орган за промената.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1 и согласно важечки Договори за постапување со отпад како и склучен Договор за деловна соработка од 01.07.2022 год., Договор за деловна соработка од 03.01.2019 год. или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

2.3.2 Отпадот ќе биде складиран како што е опишано во Барањето во границите на инсталацијата на посебни локации, а може да биде времено складиран најмногу до 1 година од денот на неговото создавање, освен отпадот кој во себе има карактеристики на опасен отпад ќе биде времено складиран најмногу до 3 месеци од денот на неговото создавање.

2.3.3 За понатамошно постапување со посебните видови отпад наведени во Табела 2.3.1 надвор од границите на инсталацијата, Операторот е должен да поседува важечки договор со овластен постапувач со отпад за определениот вид на отпад.

2.3.4 За предавањето на било кој вид на отпад на овластени постапувачи со отпад, Операторот е должен да поседува соодветен документ со кој се докажува предавањето на отпадот, идентификационен и транспортен формулар и останата пропратна документација.

2.3.5 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпад. Во рамкитите на работните процедури, Операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпад.

2.3.6 Операторот нема да врши истурање, фрлање, горење или согорување на отпад во границите на инсталацијата.

2.3.7 За активностите кои се поврзани со операциите за постапување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција и за овластени лица на Надлежниот орган во секое време.

2.3.8 Одржувањето/сервисирање на опремата/машини/резервоари и постапување со отпадот од овие активности (отпадно железо, друг метал, отпадно масло, отпадни акумулатори, и др.) ќе се врши од страна на надворешен сервис за кој операторот ќе поседува важечки договор и во кој ќе биде утврдено постапувањето со овој отпад.

2.3.9 Доколку во тековното работење, евентуално се создаде опасен отпад, потребно е постапувањето да биде согласно Законот за управување со отпад и Правилникот за поблиските условите за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад наменет за транспортирање, при што задолжително е да биде спакуван и означен на соодветно пропишан начин со што ќе собезбеди целосна заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2.3.10 Операторот нема да врши мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад.

| **Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Јаловина од талк (кварц) – на засебен покриен простор на бетонирана подлога во стопански двор до продажба | Барање | 19.06.2025 |
| Прашина од тресење на врећастиот филтер (20 микронски талк) – во вреќи до продажба | Барање | 19.06.2025 |
| Мешан комунален отпад - се складира во пластични зелени канти од 120л. до предавање на овластен постапувач | Барање | 19.06.2025 |
| Отпадно железо | Барање | 19.06.2025 |
| Отпад од хартија и картон | Барање | 19.06.2025 |
| Моторно отпадно масло | Барање | 19.06.2025 |

| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација (моментална состојба)** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| **Привремено складирање до продажба или депонирање** | | | |
| Јаловина од талк (кварц) | На бетонирана подлога во стопанскиот двор | На бетонирана подлога | На засебен простор на бетонирана подлога до продажба |
| Прашина од тресење на врећастиот филтер-20 микронски талк | Во натрон вреќи од 20 кг | Во натрон вреќи од 20 кг, наредени на палети и заштитен со стреч фолија | Во натрон вреќи во магацинскиот простор за готов производ се до продажба |
| Мешан комунален отпад | На шест определени локации во стопанскиот двор во пластични садови за отпад од 120л. | Во шест стандарди-зирани садови за отпад | Се складира во шест пластични стандардизирани садови за отпад од 120л, редовно се превзема од страна на ЈКП Дервен |
| Отпадно железо | Во кругот на стопанскиот двор, до паркингот за возила | Во кругот на стопанскиот двор, на определна локација за овој вид на отпад ограден со жица | Во кругот на стопнаскиот двор, на определна локација за овој вид на отпад ограден со жица, а ќе се предава согласно условите утврдени во Договор со овластен постапувач со овој вид на отпад |
| Отпад од хартија и картон | Во означени садови за селекција на овој вид на отпад | Во посебни садови за селектиран отпад | Се складира се до моментот на предавање согласно условите утврдени во важечки Договорот |
| Отпадно моторно масло | Обврска на друг правен субјект Тргошед Транс ДОО со исто седиште на барателот, за кој операторот има склучен Договор за деловна соработка | Обврска на друг правен субјект Тргошед Транс ДОО со кој барателот има склучен Договор за деловна соработка | Овој вид на отпад ќе се предава на предава на овластен постапувач согласно условите утврдени во Договорот за деловна соработка со Тргошпед транс |

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Во границите на инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпад.

| Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Во инсталацијата нема да има преработка и одлагање на отпадот. | | |

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

2.5.2 Операторот е должен доследно да го следи пропишаните постапки од документите наведени во Табела 2.5.1 и да ги спроведува мерките за спречување и контрола на несакани дејствија

2.5.3 Операторот документите наведени во табела 2.5.1 ќе ги ажурира на секои 5 години започнувајќи од денот на издавање на оваа Дозвола.

2.5.4 Опеарторот доколку не постапил по Записник од водено испитување на ПП апарати бр.218-А/25, должен е да постапи.

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување хаварии и реагирање во итни случаи Прилог XIII | Барање | 19.06.2025 |
| Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации | Барање | 19.06.2025 |
| План за реагирање при инцидентни и вонредни ситуации | Барање | 19.06.2025 |
| План –безбедносни мерки против пожар прва помош и евакуација во случај на опасност | Барање | 19.06.2025 |
| Записник бр.218-А/25 | Барање | 19.06.2025 |
| Норматив за лични заштитни средства и заштитна опрема на вработените на ТРГОШПЕД ДООЕЛ Велес | Барање | 19.06.2025 |

2.5.5 Во случај на несреќа/хаварија Операторот веднаш треба да :

Го изолира изворот на било какви емисии,

Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,

Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,

Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,

Го забележи датумот на несреќата,

Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти и

За настанатите итни /вонредни ситуации се види евиденција.

2.5.6 Операторот е должен во случај на хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган да му ги достави извештај со податоци кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Превземените вонредни мерки.

2.5.7 Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води за проверка на евентуално загадување.

2.5.8 Операторот ќе има соодветен капацитет на опрема, садови и апсорбциони материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Искористениот апсорбциски материјал во зависност од природата на истурениот или истечениот материјал како отпад ќе се складира на соодветно место се до негово правилно постапување.

2.5.9 Сите резервоари и цевоводи ќе се одржуваат соодветно на материјалот кој се пренесува низ нив или се складира во нив. Интензитетот на пристисокот на материјалот во нив и нивниот отпор ќе се тестира од страна на операторот, најмалку еднаш на секои три години и ќе се пријави до Надлежниот орган при секое извршување преку писмен запис од извршено тестирање за исправност , одржување или поправка.

2.5.10 Операторот е должен да ги чува и да постапува со садовите под притисок на начин пропишан согласно позитивните законски прописи за постапување со садови под притисок и да превземе задолжителни мерки за спречување на настанување на хаварии и контрола на несакани дејствија.

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Емисија на прашина од стационарен извор на емисии-оџак на процесен филтер | Барање | 19.06.2025 |
| Вкупна фугитивна емисија на прашина од инсталацијата на мерни места на границата на инсталацијата | Барање | 19.06.2025 |
| Интензитет на бучава | Барање | 19.06.2025 |

2.6.2 Притоа, Операторот ќе обезбеди:

- безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и
- безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според стандардизирани методи утврдени во Правилник.

2.6.4 Мониторингот ќе биде извршен од субјект кој поседува акредитација издадена од Институтот за акредитација на РСМ.

2.6.5 Мониторингот на прашина од оџак на процесен филтер ќе се врши во услови на оперативност на инсталацијата при задоволителни временски услови и во услови на производство/мелење на фракции со димензии од 90 микронски талк.

2.6.6 Мониторингот на вкупна фугитивна емисија на прашина од стопанскиот двор на инсталацијата ќе се врши во летниот период во задоволителни временски услови.

2.6.7 Операторот е должен извештаите од мониторинг на емисии на прашина во воздух и мониторингот на ниво на бучава да ги доставува до Надлежен орган во временски период наведен во услов 4.1.2 од оваа Дозвола.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.7.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите<br>Прилог XIV | Барање | 19.06.2025 |

2.7.2 Во рок од 2 години Операторот е должен да изготви детален план со финансиски податоци за ремедијација, престанок со работа на инсталацијата или затварање на целата или дел од локацијата со податок за обезбедени финансиски средства и да го достави до Надлежен орган.

2.7.3 Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанок на работа на инсталацијата, од страна на операторот, ќе се врши согласно член 120 од Законот за животната средина.

2.7.4 Планот минимум треба да содржи :

- Изјава за обемот на планот.
- Критериуми кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој обезбедува минимум влијанија врз животната средина.
- Програма за постигнување на наведените критериуми.
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.5 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затворање на инсталацијата.

2.7.6 По престанок со работа на инсталацијата, Операторот е должен да спроведе Планот односно мерки за ремедијација, согласно роковите од Планот кои почнуваат да течат од денот на престанокот со работа/затворање на инсталацијата а најдоцна до 90 дена од денот со престанок на работа.

2.7.7 Во рок од 90 дена пред предвидениот престанок со работа на инасталацијата Операторот е должен писмено да го извести Надлежниот орган за планираниот престанок со работа.

2.7.8 Во рок од три месеци од извршување на Планот, операторот ќе поднесе до Надлежниот орган извештај за реализација на планот при што Операторот треба да ги изврши сите потребни тестови и анализи, со цел да демонстрира дека не постои можен ризик по животната средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава оваа дозвола управува Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес со Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес Подружница ТРГОШПЕД за преработка на неметални руди Велес  неметални руди.

2.8.2 Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени во табела 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Операторот на инсталацијата ќе води документација со податоци за:

**а.** секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б.** целиот спроведен мониторинг, земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од услов 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**а.** да бидат читливи;

**б.** да бидат направени што е можно побрзо;

**в.** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 За целиот создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад;
- Име на правно лице задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената Дозвола за постапување со отпад;
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзина соодветност да го прифати упатениот отпад.
- Документ за прифаќање и одлагање/преработка на отпад кој е испратен надвор од локацијата.

- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад (“Сл.Весник на РМ” бр. 100/05).
- Состав на отпадот или онаму каде што е можно, опис.

3.1.6 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.7 Операторот е должен, за време на важноста на Дозволата и пет години по истекот на нејзината важност, да ги чува сите документи и податоци во врска со Дозволата, издавањето и мониторингот предвиден со задолжителните услови во интегрираната Дозвола и да ги направи достапни по барање на Надлежниот орган и инспекциските органи.

3.1.8 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на инспектори за животна средина (овластени, државни) истите ќе им ги достави на увид :

- Дозволи поврзани со инсталацијата;
- Склучени договори на операторот на инсталацијата,
- Записи од сите земања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната средина на инсталацијата,
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.9 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Записите треба да вклучуваат детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.1.10 Во случај на користење на опасни супстанции во инсталацијата (чл.5 од Правилникот за опасни супстанции, гранични вредности-прагови за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна – ‘’Службен весник на Република Македонија’’ бр.25/10), Операторот е должен да изготви План за вонредни состојби, согласно член 154 од Законот за животната средина (“Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 03/25).

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаии и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а. во однос на наведени емисиони точки;

б. за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2;

в. давање на податоци за резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

г. Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган (до 31-ви Март) секоја година, ГИЖС - Годишен извештај наведен во табела Д2 од Додаток 2 во тековната година за извештаи од претходната година. Овој извештај треба да вклучи како минимум информации специфицирани во следната Табела.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

| **Содржина на Годишен извештај за животна средина** |
|---|
| Емисии од инсталацијата.<br>Евиденција за управување со отпад;<br>Преглед за потрошувачка на суровини;<br>Преглед на забелешки (жалби/поплаки);<br>Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година;<br>Преглед на извештајот за мониторинг на бучава и емисии во воздух;<br>Преглед на пријавени инциденти;<br>Преглед на извештај од ревизија на ефикасноста на енергија, суровини и помошни материјали;<br>Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и намалување на создадениот отпад;<br>Копии од договори за соодветно постапување со различните категории отпад; Преземени или предвидени мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите;<br>Преглед на планот за ремедијација/управување со остатоци/затворање, обновување и план за управувањето со локацијата по нејзиното затворање;<br>Копија од Сертификат за животна средина (доколку поседува);<br>другi предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган; |

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

**а.** Кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б.** Кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**в.** Кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**г.** Било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

**а.** Перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава Дозволата;

**б.** Престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**в.** Повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.2 (б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**а.** Било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**б.** Промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога Операторот станува дел од неа);

**в.** За активности кога Операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела

| Табела 6.1.1 : Главни емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| **Главен извор на емисија** | | |
| A1 | Испуст од погон за мелење /вентилационен канал после врećест филтер | Погон за мелење/ Вентилационен канал после врećастиот филтер |
| MM1, MM2,MM3,MM4 | Вкупна фугитивна емисија на прашина | На границите на инсталацијата |
| **Споредни извори на емисија** | | |
| A2 | Примарна дробилка | Стопански двор |

6.1.2 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.3 Емисиите во воздухот, освен пареа и/или кондезирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад;

6.1.4 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат густ облак на прашина која се шири во околината.

6.1.5 Операторот нема да ги надмине граничните вредности дадени во Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентален воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на гранични вредности, маргини на толеранција за гранични вредности, целни вредности и долгорочни цели.

6.1.6 За намалување на евентуално зголемени емисиите на прашина, операторот ќе врши оросување на складираниот материјал на отворено и при вршење на други операции на отворено, како и прскање на работните површини со вода (само онаму каде што дозолува активноста) по потреба особено во текот на летниот период.

6.1.7 Операторот е должен по завршување на смената во производниот погон да спроведе активности на чистење на работниот простор од вишокот прашина и да оневозможи ширење на фугитивни емисии на прашина од работната средина во животната средина, како и континуирано да врши одржување на складиштата за суровини и магацините за готови производи.

6.1.8 Операторот ќе врши редовна контрола на интегритетот и ќе врши периодично менување на вреќичките на филтерот за што ќе води уредна евиденција.

6.1.9 Операторот при работа на дробилката ќе превземе мерки за спречување на фугитивна емисија преку претходно оросување на материјалот кој е предмет на дробење.

6.1.10 Операторот ќе ја одржува поставената електронска регулација на брзина на мотори и млинови за регулирање на производниот процес, ќе превзема корективни акции на цевки и спојници во погонот за мелење каде има неконтролирано истекување и ќе врши редовна контрола за минимизирање на фугитивната емисија во погонот.

6.1.11 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени за време на важноста на дозволата.

| **Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија**<br>**Оџак на процесен филтер-Вентилационен канал после вреќастиот филтер** | **Фреквен. на монито-ринг** |
| | А - 1 | |
| **Прашина ПМ10** | **Оваа дозвола** | Еднаш годишно |
| | **150 mg/Nm$^3$** | |
| **ΔP** | Контрола на интегритетот на вреќаст филтер | Континуирано |
| **Прашина ПМ10** | **фугитивна емисија на границите на инсталацијата** | |
| | ММ1, ММ2,ММ3,ММ4 | |
| | **Оваа дозвола** | Еднаш годишно |
| | **50 mg/Nм$^3$** | |

6.1.12 Извештаит од извршените мерења со резултатите и стручното мислење операторот ќе го достави до Надлежниот орган.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата од активностите во инсталацијата.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одлагање за секоја непредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот нема да создава отпадна технолошка вода и истата нема да ја испушта во локалната канализациона мрежа.

6.2.4 Кругот на инсталацијата ќе се одржува чист, нема да се дозволи растурање на отпад, суровина и друг материјал.

6.2.5 Операторот ќе врши редовно чистење на пристапните патишта, ќе врши соодветно складирање и транспортирање на суровините до погонот за мелење и нема да дозволи нивно растурање.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | |
|---|---|
| **Ознака на точка на емисија**<br>**Извор** | **Количество/ден** |
| Од инсталацијата нема испуштање на процесни отпадни води во површински води. | |

| **Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Фреквенција на мониторинг** |
| / | / | / |

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат сам од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.4.1: Точки на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Количество/ден** |
| Од инсталацијата нема испуштање на процесни отпадни води во канализација. | | |

6.4.2 Операторот е должен да врши редовно одржување и чистење на таложниците од атмосферска вода, особено во случај на интензивни врнежи.

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Од инсталацијата нема да се врши испуштање на топлина која ќе влијае врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

6.6.2 Интензитетот на бучава во животната средина што се создава во рамките на производниот процес ќе се движи во рамките на Максимално дозволеното ниво за подрачје дефинирано од трети степен според степенот за заштита од бучава согласно Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08).

6.6.3 Емисиите на бучавата во животната средина нема да ја надминат границата утврдена во табела 6.6.2.

6.6.4 Интензитетот на бучава во животната средина што се создава од активностите во инсталацијата ќе се движат во рамките на Максимално дозволеното ниво за подрачје дефинирано од трети степен од според степенот за заштита од бучава и тоа за:

| **Табела 6.6.2: Граници на ниво на бучава во животна средина** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија ММБ1,ММ Б2 ,ММБ3, ММБ4** – Граници на инсталација | | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Бучава** | **Ld , Lv (dBA)** | / | **Ln (dBA)** | / | Еднаш годишно |
| | **60** | **/** | **55** | / | |

6.6.5 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво, кој треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

# 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1.1 Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има пренос на отпадната вода во пречистителна станица.

# 8. Услови надвор од локацијата

8.1.1 Операторот е должен во случај на нарушување на амбиенталниот воздух во околината со непосредно влијание од неговата активност и покрај задоволувањето на поставените гранични вредности на емисија, како резултат на отстапување од вобичаените атмосверски движења, да превземе содветни мерки во процесот на производство, а со цел на намалување на создаденото загадување.

8.1.2 Операторот се задолжува во духот на добар стопанственик да има непосредни контакти со месното население и установите во зоната на влијание на нивните активности, со презентирање на резултати од мерења и активности кои се превземаат за создавање и одржување на прифатливи услови на живеење.

# 9 Програма за подобрување

9.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана мерката, во рок од 14 дена од завршувањето на мерката.

| **Табела 9.1.1 : Програма за подобрување** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 9.1 | Редовно вршење контрола и сервис на инсталацијата, согласно препораките на прозиводител, со цел намалување на влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. | Континуирано |
| 9.2 | Визуелен мониторинг на емисиите во животната средина како и вршење на мерења на емисии во воздух и бучава од акредитирана лабораторија | Визуелен мониторинг континуирано , а мерење на емисии во животна средина еднаш годишно |
| 9.3 | Распрскување/оросување на работните површини, патеките, складиштата со суровини, со вода за редукција на фугитивните емисии на прашина | По потреба |
| 9.4 | Управување со отпадот:<br><br>- Селекција и правилно постапување со отпад кој се создава на локацијата, следење на законските измени во делот на животна средина, подигнување на свеста кај вработените.<br><br>- Склучување /ажурирање на договори со овластени постапувачи со секој вид на отпад,<br><br>-Водење на евиденција на создадени и предадени количини на отпад. | Континуирано |
| 9.5 | Едукација, обука за постапување во итни случаи, вонредни ситуации | Континуирано |
| 9.6 | Редовен сервис и одржување на ПП апаратите | согласно Записник бр.218-А/25 |
| 9.7 | Редовно одржување и контрола на исправноста на хидрантска мрежа | Континуирано |
| 9.8 | Интерни и/или екстерни обуки за заштита на животната средина | Еднаш годишно и по потреба |
| 9.9 | Засадување и обновување на заштитен зелен појас на границите на инсталацијата | По потреба |
| 9.10 | Подготовка на деталeн план со финансиски податоци за ремедијација, престанок со работа на инсталацијата или затварање на целата или дел од неа | Август/септември 2027 год. |

# 10 Договор за промени во пишана форма

10.1.1 Кога својството "или како што е друго договорено на писмено" се користи во услов од Дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а. Операторот ќе достави до надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

б. Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

10.1.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

10.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

- Материјална промена
- Зголемување на природата или количината на било која емисија
- Системите за намалување/третман или преработка
- Опсег на процесите што се изведуваат
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или
- било каква промена на:
- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на Операторот.

☐ Број на Дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта...............................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Извештај** | **Параметар/ Точка на емисија** | **Точка на емисија** | **Фреквенција на извештајот** | **Датум на поднесување на извештајот** |
| **Мониторинг на емисии во воздух** | Прашина преку параметарот ПМ10 | Вентилационен канал после вреќест филтер | Еднаш годишно Декември-јануари во услови на полна оперативност на инсталацијата | 10 дена по добивање на резултатите во вид на консолидиран извештај |
| **Мониторинг на емисии во воздух** | Фугитивна емисија на прашина | Граници на инсталацијата | Јуни-август | 10 дена по добивање на резултатите во вид на консолидиран извештај |
| **Мониторинг на Емисии на бучава** | Интензитет на бучава | Граници на инсталацијата | Еднаш годишно во услови на полна оперативност на инсталацијата | 10 дена по добивање на резултатите во вид на консолидиран извештај |
| **Годишен Извештај за Животна Средина** | / | / | Еднаш годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Евиденција на инциденти** | / | / | Како што се случуваат | Во рок од 5 (пет) дена од настанување на инцидентот |